
39 Theta
СО ПОСТИГНУВАЊЕТО НА ЦЕЛТА,
МОРАЛОТ СЕ КРЕВА МНОГУ ВИСОКО.
ФАКТИЧКИ, МОЖЕ ДА СЕ ПОКАЖЕ ДЕКА
ПРОИЗВОДСТВОТО Е ОСНОВА НА МОРАЛОТ.
– Л. РОН ХАБАРД

# БИДЕТЕ ТРУДОЉУБИВИ



Работата не е секогаш пријатна.

Но, малкумина се понесреќни од оние
кои живеат бесцелен, мрзлив и здодевен живот:
на својата мајка децата ѝ покажуваат зловолност
кога немаат што да прават; добро е позната
вулгарноста на невработените, дури и тогаш
кога примаат „социјална помош“ .
Статистиката, покажува дека човек кој е во пензија,
кој нема веќе што да постигне во животот,
умира од неактивност.

Дури и туристот, кој туристичката агенција
го привлекла со повикот за безработица,
му создава тешкотии на водичот
на патот доколку нема
што да прави.

И тагата може да се олесни едноставно
со тоа што човек ќе се ангажира со нешто.

Со постигнувањето на целта,
моралот се крева многу високо.
Фактички, може да се покаже
дека производството е
основа на моралот.

Луѓето кои не се трудољубиви товарот
на работата го префрлаат на оние околу нив.
Тие се склони да оптоваруваат други.

Тешко е да се излезе на крај со мрзливци.
Тие не само што влијаат депримирачки,
туку можат да претставуваат и мала опасност.

Одговорот кој функционира при решавање
на тој проблем е: да се убедат таквите луѓе да изберат
некоја активност и да се ангажираат со неа.
Ќе се покаже дека најтрајната добивка доаѓа
од работата која води кон вистинско производство.

*Патот до среќата е автопат кога е
вклучена трудољубивоста која води
до вистинско производство.*

Л. Рон Хабард
Од книгата: „Патот до Среќата“
(правило број 16)



# ДАЛИ СВЕТОТ НЕКОМУ МУ ДОЛЖИ ЖИВОТ?

Најголемиот проблем со вештачката вилица (вештачки заби) е тоа што таа не е комотна. Некои луѓе веднаш си ја сакаат својата нова вилица, додека други никогаш не се задоволни како таа е поставена и изгледаат како секогаш да патат.

Незадоволните пациенти се враќаат кај своите стоматолози на чести поправки. Тие пробуваат разни лепила или едноставно почнуваат од почеток. Без разлика што и да направат, вилицата никогаш не им е комотна.

Па така, производителот на вилици направил едно истражување за да открие зошто вилиците добро одговараат за устите на некои пациенти, а се постојан проблем кај други.

Како дел од истражувањето, тие го земале во предвид користениот материјал за вилиците и методите за правење на вилиците. Тие направиле проверка и на обуката и на техниките на стоматологот. Сепак, тие не можеле да најдат заедничка причина - зошто некои пациенти ги мразеле своите вилици.

Но тогаш, тие провериле еден друг фактор. Повеќето од пациентите кое се жалеле дека нивните вилици не одговараат, немале платено за нив!

Доколку пациентот или неговата осигурителна компанија платиле за вилиците, тие одговарале подобро. Доколку вилиците не биле платени, тие не одговарале баш добро.

Зошто тоа би било важно?

## ДОЗВОЛУВАЊЕ НА НЕЧЕСНОСТ

***„Кога дозволувате некој да е нечесен, вие го подготвувате да стане физички болен и несреќен“***

***„Кога му дозволувате на едно лице да даде ништо за нешто, вие фактички охрабрувате криминал“***

***- Л. Рон Хабард***



Добитниците на лотарија вообичаено ги губат сите свои пари во рок од неколку години. Тие купуваат скапи автомобили и ги уништуваат. Тие купуваат големи куќи и ги оставаат да се урнат. Еден човек ги искористил своите добивки за да се опие до смрт.

Овие сироти луѓе не ги заработиле парите. Тие добиле нешто за ништо, па тоа ним не им значело ништо.

На крајот на краиштата, секој сака да биде чесен. Кога некој добива нешто за ништо, тој има тенденција да се расфрла со тоа бидејќи не направил ништо за да го заслужи тоа нешто.

Кога правите некаква значајна работа за некого, мора да му дозволите на другиот да ви даде нешто за возврат. Ако не му го дозволите тоа, тој ќе биде несреќен. Дури може и да се побуни против вашата помош.

Овој пример можете да го набљудувате и кај владите. Некои луѓе примаат пари од владата за да им помогне повторно да застанат на свои нозе. Тие одат на училиште, работата напорно и ги враќаат парите кои ги добиле преку плаќање на даноци. Овие луѓе се здрави и среќни.

Некои други примаат пари од владата, но никогаш не се враќаат на работа. Тие гледаат телевизија цел ден и се дебелеат. Тие се нездрави и несреќни.

## ТРИ ПРЕПОРАКИ

**1** Кога луѓето се жалат за она што го правите за нив, проверете дали тие ви дале соодветна размена за возврат. Доколку не, побарајте ја и тие ќе престанат да за жалат на вас.

**2** Погрижете се дека давате чесна размена за сите стоки и услуги кои ги примате. Како луѓето со вилиците, вие ќе бидете посреќни со она што го добивате доколку давате фер размена.

**3** Кога и да сте несреќни и нездрави, проверете дали не успевате да дадете чесна размена за она што го добивате. Најдете начини да бидете колку што е можно почесни и да ја прилагодите размената. Всушност, дајте му на светот малку повеќе отколку што добивате и гледајте што се случува со вашето здравје и среќа!

## СОВЕТИ ЗА УСПЕХ СО ДЕЦА

***„Голем дел од оваа нерамнотежа во размената доаѓа од детската психологија каде детето не придонесува ништо и не му е дозволено да придонесува.***

***„Тоа е она првото нешто што му предизвикува наплив на чувства на должност кон своите родители, за потоа да се распрсне како револт во тинејџерските денови.***

***„Во споредба со децата на кои им е дозволено да придонесуваат (не како нешто слатко туку вистински) децата на иста возраст кои не придонесуваат изгледаат како побеснети манијаци!“***

***- Л. Рон Хабард***

Кога им дозволувате на децата да дадат размена тие стануваат посреќни! Децата, дури и на три години, можат да придонесуваат со избирање на нивните играчки, помагање во кујната или пеење песна.

Ако на децата не им е дозволено да работат додека станат возрасни, тие во голема мера ќе зависат од своите родители или од владата за пари. Тие не учат како да заработуваат.

Децата сакаат да работат. Ги прави да се чувствуваат вредни. Работата ги прави среќни.

Паметните родители им дозволуваат на своите деца да имаат вистинска работа. Тие трпеливо им покажуваат на своите деца како да работат. На пример, како да ги мијат прозорците за да бидат навистина чисти, или како да го шетаат кучето секој ден, дури и кога шетањето е досадно.

Најуспешните луѓе на овој свет имале вистински работи кога биле млади. На пример, се грижеле за дворовите или милениците на своите соседи кога имале 8 години. Или возеле трактор на семејната фарма кога имале 12 години.

На 18 години тие веќе имале свои пари и работно искуство. Тие можеле да работат осум часа дневно и да ја заработат својата плата. Тие чекореле по патот кон нивниот најголем успех.

## ***Препорака***

Учете ги децата (и возрасните) дека светот не им должи живот. Тие мора да најдат начини да разменат нешто вредно за работите кои ги сакаат. Помогнете им да уживаат во наградата, здравјето и среќата кои ги добиваат од заработувањето и чесното живеење.

TipsForSuccess.org

Авторско право © 2009 TipsForSuccess.org. Сите права се заштитени. Огромна благодарност до L. Ron Hubbard Library за дозволата за повторно издавање на одделни делови од заштитените авторски дела на Л. Рон Хабард.


Дали ќе
останете во игра?
Животот е стабилен и богат кога знаете како да се справите со него.
Ви нудиме едноставен, лесен и практичен начин како да стекнете нова способност.
Запишете се на Курсот за Лична Ефикасност.
02 | 321 4551
Од понеделник до петок 1730 – 2200 и сабота 1100 – 1900